АГЕНЦИЈА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА ОСИГУРУВАЊЕ
AGJENCIA E MBIKËQYRJES SË SIGURIMEVE

АГЕНЦИЈА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА ОСИГУРУВАЊЕ
AGJENCIA E MBIKËQYRJES SË SIGURIMEVE
Бр.-Nr. 03-938/1
26.12.2023 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

тел/tel: 02 3254 050
факс/faks: 02 3290 240
адреса/adresa: ул.Македонија 66,
Палата Лазар Поп Трајков 5-ти кат,
1000 Скопје,
Република Северна Македонија/
rr.Makedonija Pa Nr
Pallati Llazar Pop Trajkov, kati i 5-të
1000 Shkup,
Republika e Maqedonisë së Veriut
e-email: contact@aso.mk
www.aso.mk

**До**
Друштва за осигурување

Предмет: Матрица на обврски на друштвата за осигурување за 2024 година

Почитувани,

Во врска со доставување на потребната документација до Агенцијата за супервизија на осигурување, согласно Правилникот за минималните стандарди на информациските системи на друштвата за осигурување, осигурителните брокерски друштва и друштвата за застапување во осигурување (Службен весник бр. 260/2020), во прилог ја доставуваме Матрицата на обврски на друштвата за осигурување за 2024 година и воедно Ве информираме за следново:

1. Документацијата треба да се доставува во роковите наведени во матрицата;
2. Документацијата да биде на македонски јазик;
3. Документацијата да биде потпишана од овластено лице, да содржи печат и архивски број;
4. Документацијата да биде скенирана, во .pdf формат и истата да се достави <u>само</u> на следнава емаил адреса: <u>vonterenskait@aso.mk</u>, во една или повеќе емаил пораки зависно од големината на истата.

Со почит,

Претседател на Совет на Експерти

Крсте Шајноски

АГЕНЦИЈА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА ОСИГУРУВАЊЕ
AGJENCIA E MBIKËQYRJES SË SIGURIMEVE

тел/tel: 02 3254 050
факс/faks: 02 3290 240
адреса/adresa: ул.Македонија бб,
Палата Лазар Поп Трајков 5-ти кат,
1000 Скопје,
Република Северна Македонија/
rr.Makedonija Pa Nr
Pallati Llazar Pop Trajkov, kati i 5-të
1000 Shkup,
Republika e Maqedonisë së Veriut

e-email: contact@aso.mk
www.aso.mk

Прилог: Матрица на обврски на друштвата на осигурување за 2024 година

| **ID** | **Член/Став** | **Назив на документ/акција** | **Краен рок на достава** |
|---|---|---|---|
| 1 | 3/3 | документирани интерни оценувања на функционирањето на системот на интерни контроли | 11.01.2025 |
| 2 | 13/1 | проверка на кориснички права | 07.07.2024 |
| 3 | 13/1 | проверка на кориснички права | 11.01.2025 |
| 4 | 14/5 | Одлука по состанок на одбор за ризици | 07.04.2024 |
| 5 | 14/5 | Одлука по состанок на одбор за ризици | 07.07.2024 |
| 6 | 14/5 | Одлука по состанок на одбор за ризици | 07.10.2024 |
| 7 | 14/5 | Одлука по состанок на одбор за ризици | 11.01.2025 |
| 8 | 15/6 | евиденција за креираните копии/ тестирање на медиумите | 07.07.2024 |
| 9 | 15/6 | евиденција за креираните копии/ тестирање на медиумите | 11.01.2025 |
| 10 | 15/7 | тестирање на процесот на враќање на податоците од резевната копија | 11.01.2025 |
| 11 | 16/5 | контрола на спроведување на процедура за заштита | 07.07.2024 |
| 12 | 16/5 | контрола на спроведување на процедура за заштита | 11.01.2025 |
| 13 | 17/1 | годишен план за обуки за вработени за информациска безбедност за 2024 | 07.04.2024 |
| 14 | 17/2 | извештај за спроведени обуки за вработени за информациска безбедност во 2023г | 07.04.2024 |
| 15 | 21 | ажурирање и ревизија на анализа, стратегија и план за деловен континуитет | 07.04.2024 |
| 16 | 22/2 | Записник од тестирање на план за континуитет, усвоен од орган за управување | 07.04.2024 |
| 17 | 27/2 | годишен план за обуки за вработени во ИТ оддели во 2024 | 07.04.2024 |
| 18 | 27/4 | Извештај за спроведување на годишен план за обуки за вработени во ИТ оддели за 2023г | 07.04.2024 |

Друштвата чиј Стратешки план за развој и поддршка (член 5 од Правилникот) истекол во 2023 година, потребно е да доставаат до Агенцијата нов стратешки план најдоцна до 07.04.2024 година.

АГЕНЦИЈА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА ОСИГУРУВАЊЕ
AGJENCIA E MBIKËQYRJES SË SIGURIMEVE

тел/tel: 02 3254 050
факс/faks: 02 3290 240
адреса/adresa: ул.Македонија 6б,
Палата Лазар Поп Трајков 5-ти кат,
1000 Скопје,
Република Северна Македонија/
rr.Makedonija Pa Nr
Pallati Llazar Pop Trajkov, kati i 5-të
1000 Shkup,
Republika e Maqedonisë së Veriut
[illegible]
www.aso.mk

Друштвата кои не спровеле пенетрациски тест на информацискиот систем (член 16/6-9 од Правилникот)во 2023 година, потребно е истиот да го спроведат во текот на 2024 година и да доставaт до Агенцијата Извештај од пенетрацискиот тест во рок од 5 работни дена од добивање на Извештај од спроведувачот.

АГЕНЦИЈА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА ОСИГУРУВАЊЕ
AGJENCIA E MBIKËQYRJES SË SIGURIMEVE

тел/tel: 02 3254 050
факс/faks: 02 3290 240
адреса/adresa: ул.Македонија 66, Палата Лазар Поп Трајков 5-ти кат, 1000 Скопје, Република Северна Македонија/ rr.Makedonija Pa Nr Pallati Llazar Pop Trajkov, kati i 5-të 1000 Shkup, Republika e Maqedonisë së Veriut
e-email: contact@aso.mk
www.aso.mk

Во врска со членот 17 од Правилникот, АСО укажува дека годишниот план за обуки за заштита на информацискиот систем за сите вработени треба најмалку да содржи:

- Број на часови на обуката (бројот на часови треба да биде најмалку 6 со траење од 45 минути)
- Календар за спроведување на обуката, кој треба да содржи термини на обуката и список на слушатели кои ќе присуствуваат на часовите (одлука на друштвото е дали ќе обуката ќе се спроведува во еден ден или часовите ќе бидат одржани во различни денови (пример: 3 дена по 2 часа или 6 дена по 1 час)
- Програма за обуката, односно области и теми кои ќе бидат презентирани на обуката
- Начин на спроведување на обуката – во училница со физичко присуство, со користење на видеоконференциска платформа (Webex, Zoom, Teams, Meets и сл.) или со асинхроно користење на е-леарнинг платформа (Moodle и сл.). Доколку обуката се спроведува со користење на е-леарнинг платформа, напоменуваме дека просечен еквивалент на времетраење на обуката е: 1 час онлине обука соодветствува на 3 часа обука во училница, а 1 час онлине курс вообичаено содржи 4 лекции со по 20 сцени

Извештајот за спроведување на годишниот план за обуки треба да содржи информации за бројот на часови, начинот на спроведување на обуката, програмата за обуката, материјали од обуката (презентации, прирачници и сл.), информации за предавачот (кратка наративна биографија со негови контакт информации), како и листи со потписи на слушателите за секој термин од обуката придружени со фотографии од обуката. Доколку обуката се спроведува со користење на видеоконференциска платформа или со асинхроно користење на е-леарнинг платформа потребно е наместо гореспоменатите листи и фотографии да се достави листа на слушатели произведена од користената платформа.

Во врска со членот 27 од Правилникот, АСО укажува дека годишниот план за обуки за вработените во организациониот облик за развој и поддршка на информацискиот систем треба најмалку да содржи:

- Област на обуката, Назив на обуката, Програма за обуката, односно области и теми кои ќе бидат презентирани на обуката
- Број на часови на обуката

АГЕНЦИЈА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА ОСИГУРУВАЊЕ
AGJENCIA E MBIKËQYRJES SË SIGURIMEVE

тел/tel: 02 3254 050
факс/faks: 02 3290 240
адреса/adresa: ул.Македонија 6б,
Палата Лазар Поп Трајков 5-ти кат,
1000 Скопје,
Република Северна Македонија/
rr.Makedonija Pa Nr
Pallati Llazar Pop Trajkov, kati i 5-të
1000 Shkup,
Republika e Maqedonisë së Veriut
contact@aso.mk
www.aso.mk

- Планиран период за одржување на обуката
- Начин на спроведување на обуката – во училница со физичко присуство, со користење на видеоконференциска платформа (Webex, Zoom, Teams, Meets и сл.) или со асинхроно користење на е-леарнинг платформа (Moodle и сл.).

Извештајот за спроведување на годишниот план за обуки треба да содржи информации за Областа и називот за обуката, Програмата за обуката, бројот на часови, начинот на спроведување на обуката, информации за предавачот (кратка наративна биографија со негови контакт информации), како и сертификат за присуство на обуката за секој слушател.